Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 298//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од политичката партија **ВМРО-ДПМНЕ,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Дали во стратешкото партнерство со Велика Британија има и камп за бегалци во Македонија?“**, објавен од онлајн медиумот Либертас.мк (libertas.mk) на 16.05.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот, на 16.05.2025 г., упати жалба до СЕММ за текстот „Дали во стратешкото партнерство со Велика Британија има и камп за бегалци во Македонија?“, објавен од онлајн медиумот Либертас.мк (libertas.mk) на 16.05.2025 г. при што се жали на „неточно и нефер известување, на незастапена втора страна и на мешање на факти и мислења, вест со коментар“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Веста е неточна. Насловот наведувачки. Нема застапеност на втора страна, се темели на мислења, не на факти. На пример, цитатот: „Стармер одби да ги именува можните земји кои би ги прифатиле мигрантите од Обединетото Кралство, но Дејли Мејл ги споменува Србија, Босна и Македонија. Тоа што Дејли Мејл „спомнува“ е, пред се, неточно. Дополнително, во текстот на Дејли Мејл кој е пласиран во текстот на Либертас (најдолу потпишан како преземен од Инфомакс), стои дека „се претпоставува дека се мисли на...“ одредени земји од „Западен Балкан“. Односно, неточно е и пренесено мислењето на новинарот од Дејли Мејл...“

Во текстот отсуствува било каква официјална информација и застапеност на втора или официјална страна.“

Со жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.
Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.
До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Дали во стратешкото партнерство со Велика Британија има и камп за бегалци во Македонија?“, објавен од онлајн медиумот Либертас.мк (libertas.mk) на 16.05.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се пренесува информација од јавен интерес, која е поврзана со значењето на одлуката на македонската влада да склучи договор за стратешко партнерство со Обединетото Кралство и прашањето дали таквиот договор подразбира и согласност за примање мигранти во земјава.

Комисијата констатираше дека тоа што текстот е пренесен од друг медиум, во случајов Инфомакс, не го ослободува Либертас од одговорност. Секој медиум што објавува содржина, дури и како цитат или пренос, има обврска да ги провери нивната: точност, контекст и можни импликации од информацијата. Повикувањето на извор не е алиби за пренос на манипулативна или неетички пласирана содржина. Покрај тоа, медиумот воопшто не се обидел да побара каква било официјална информација за ова прашање од Владата, односно во текстот недостасува ставот на втората страна.

Од тука, Комисијата смета дека е прекршен член 1 од Кодексот на новинари на Македонија кој го регулира ова прашање:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.
Со почит,

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595